РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
Примено: / E pranuar: 31. 07. 2025

| Орг. един. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 08 | 427111 | | |


**КОМИСИЈА ЗА ПРАШАЊА НА ИЗБОРИТЕ И ИМЕНУВАЊАТА**

Број 16- 4242/2 31.07 2025 година
Скопје

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Во прилог Ви се доставува Предлог - одлуката за избор на Народен правобранител, којашто Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието ја утврди на седницата оддржана на 31 јули2025 година.

За известител на седницата на Собранието по Предлогот - одлуката е определен претседателот на Комисијата, Ѓорѓија Сајкоски.

**Претседател на**
**Комисијата за прашања на изборите**
**и именувањата,**
Ѓорѓија Сајкоски

Предлог

Врз основа на членот 5 став 1 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ број 60/2003, 114/2009, 181/16, 189/16 и 35/18), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ------- 2025 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ИЗБОР НА НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

I. За Народен правобранител се избира

- Фатон Сељами од Тетово, дипломиран правник, магистер по правни науки со положен правосуден и нотарски испит.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08---------------------

----------------------------- 2025 година

Скопје

Претседател
на Собранието на Република Северна Македонија,
Afrim Gashi, с.р.

Образложение

Според член 5 став 1 од Законот за Народниот правобранител, Собранието на Република Македонија, по предлог на надлежната комисија на Собранието, го избира и разрешува Народниот правобранител со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија. Народниот правобранител се избира за време од осум години, со право на уште еден избор.

Согласно член 6 став 1 од Законот за Народниот Правобранител, за Народен правобранител може да биде избрано лице кое ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос, државјанин на Република Северна Македонија, дипломиран правник кој има работно искуство над девет години на правни работи и чија активност е докажана во областа на заштитата на правата на граѓанинот и ужива углед за вршење на функцијата народен правобранител.

Собранието на Република Северна Македонија на седницата оддржана на 10 јули 2025 година донесе Одлука за распишување оглас за избор на Народен правобранител.

Огласот беше објавен во Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/25 на 16 јули 2025 година. Рокот за пријавување на кандидатите траеше 10 дена од денот на објавувањето на оваа одлука во „Службен весник на Република Северна Македонија“. На Огласот за избор на Народен правобранител се пријавија вкупно 17 кандидати.

Од кандидатите кои ги исполнуваат условите, Комисијата за прашања на изборите и именувањата ја утврди и му предлага на Собранието да ја донесе Предлог - одлуката за избор на Народен правобранител со која за Народен правобранител се предлага Фатон Сељами од Тетово, дипломиран правник, магистер по правни науки со положен правосуден и нотарски испит.